**ИНТЕРВЈУ, ЕЛИЗА ШУЛЕВСКА, ДИРЕКТОРКА НА МСУ**

# Дали го донесовме, а можевме и Пикасо

**Вкупно 4.168 посетители ја виделе изложбата на Дали во првите десет дена од нејзиното отворање. Тоа е сатисфакција за сите нас, вели Елиза Шулевска, директорка на Музејот на современата уметност, кој до 19 декември е домаќин на изложбата на шпанскиот надреалист**



**Честитки за изложбата. Како се чувствувате?**

Уморно, но задоволно, спокојно и постојано во контакт со тимот за сè да се одвива во најдобар ред. Мора да функционираме како еден. На некој начин имаме „вонредна состојба“, продолжено работно време, покрај физичкото обезбедување и видеонадзорот, тековните работни обврски во однос на изложбата се мултиплицирани. Ангажирани се младите колеги во секојдневни дежурства околу посетителите на изложбата.

**Колку време, труд и пари чини донесувањето ваква изложба во Скопје?**

Не е важно колку време е потребно кога резултатот што следува е позитивен. Трудот што го вложувам не го перцепирам кога сум сигурна во она што го правам. Едноставно се посветувам на работата (контакти разговори и секогаш со позитивна мисла). Ако не беше така, зарем ќе се нагрбев со вакви обврски?!

Конкретно за изложбата на Салвадор Дали работам (во оваа година) шест месеци, што подразбира патувања, средби со галеристот, договори до најситни детали од пакување до шпедиција, исполнување на обврските кон колекционерот и неговите барања. Тој има неприкосновено право да бара од нас да ги исполниме неговите услови во смисла на тоа како треба да изгледа целиот проект, какви плакати, каков печатен материјал, колкав број слики може да употребите во презентирање на каталогот, до форматот на флаерот. Потоа сте должни да се грижите за изложбата и безбедно да ја вратите назад. Тоа е неописиво чувство на добро завршена работа.

Во однос на финансирањето, Дали е дел од програмата за 2009 година на МСУ, одобрена од Министерството за култура.

Воопшто не станува збор за големи пари, туку за вештина во комуникацијата. Во проектите досега имам вложено многу умешност во преговарањето со спротивната страна. Секој што вложил лични средства (во случајов тоа е приватен галерист), во вакви проекти прво ја бара вашата цел, кого претставувате и од каде ви се обезбедени парите.

**Зошто изложбата нема каталог?**

Условите за презентирање ги поставува колекционерот што ви ја отстапува изложбата. Во оваа ситуација не станува збор за каталог. Дали требаше да оди со еден флаер. Но инсистирав да има барем основни информации за авторот поради публиката, особено помладата, и затоа подготвивме диплијан, но и билет за евиденција на бројот на посетителите. На пример, за изложбата на Алфонс Муха во Белведере во Виена, во мај, имаше флаер. Другите информации за уметникот обично ги има во музејските продавници преполни со материјали за продажба. Се обидов да го направам ова и кај нас, но, за жал, во нашите книжарници и издавачки куќи немаше ништо за Салвадор Дали, освен издание на англиски јазик по висока цена.

**Дали, по ова искуство, станува поможно организирањето поставки на светски звучни имиња во Скопје?**

Апсолутно да. Не само по оваа изложба, туку и пред тоа. Изложбата на Пикасо од Софија можеше да биде во МСУ, за што постојат дописи. Имавме средби, дури добив и многу пристојна цена. Но бидејќи еден број дела од приватни колекционери, според договорите со осигурителната компанија, мораше да се вратат во Малага, не смеевме да ризикуваме со „половична изложба“. Таква авантура не е дозволена. Да бидеме прецизни - можности постојат, потребно е себевложување, посветеност на работата и, се разбира, пари.

**На отворањето зборувавте за трилогијата на МСУ - претпоставувам мислите на Вазарели-Дали-Муха (в година)?**

Не, мислев на Јан Саудек 2008, Салвадор Дали 2009 и Алфонс Муха 2010. Тоа е она што го почна министерката за култура кон крајот на 2007 година по посетата на Прага. Нејзиното залагање беше тие да бидат во изложбените салони на МСУ и јас искрено ѝ благодарам и на честа и на довербата што ми ја даде.

Изложбата на Виктор Вазарели, инаку, беше мој личен предизвик. Некои од колегите беа скептични, други ме поддржаа и „тргнав“. Имав помош од директорот на унгарскиот културен центар и од амбасадорот на Унгарија во нашата земја. Имаа желба да помогнат и го направија тоа. Така се случи Вазарели, кого за четириесетина дена го видоа 6.500 посетители од целата земја. Учениците со автобуси доаѓаа од повеќе градови од Македонија. Тоа е задоволството што ве тера напред.

**Како ја гледате иднината на МСУ?**

Идентично, како и првиот ден кога влегов во куќата. Со голема желба да ја светнеме куќата, да биде со пристоен ентериер и екстериер за исполнување на поставените задачи, со реализација на сите предвидени програми, со блокбастер-изложби, илјадници посетители и оформување на просторот наменет за постојаната поставка до секојдневните нешта како што се ставање во функција на светилките на терасите, паркингот, бетонирање на сронетите скали, обезбедување на 24-часовен видеонадзор во и вон МСУ, нови противпожарни апарати, дојавувачи на пожари кои замислете ги немаше на највисоката позиција во МСУ, менување водна пумпа итн. И дефинитивно со ситилајти и големи билборди на влезот за кој искрено му благодарам на господинот Владимир Лазов.

**Можна ли е иднина без постојана постановка?**

За жал, веќе 45 години се испоставува дека е можно. Она што во светот е исклучок, кај нас е правило. Ме радува поддршката на министерката во однос на постојаната поставка. На годинешниов конкурс на Министерството за култура аплициравме за сериозни инвестиции. Но пред тоа треба да се решат големи пропусти во однос на покривот, што ги наследив. Да се надеваме дека сите ние во МСУ заеднички ќе го изодиме тој пат и ќе оставиме нешто добро за идните генерации.

**Претстои ново реставрирање на Музејот. Последните зафати не се направени во времето на Вашето директорување, но сепак би сакала да го прокоментирате управувањето со куќа, реставрирана со голема италијанска донација, која повторно мора да се санира. Дали со тоа се губат пари за една пристојна изложба?**

Ги имам реакциите од сите вработени без исклучок во однос на Вашето прашање, кои не се розови. Но во оваа пригода ќе се воздржам. Некои работи се видливи.

Искрено посакувам пропустите да се санираат и да почнеме со процедурата за оформување на просторот за постојаната поставка и во таква ситуација секоја изложба може да причека. Во однос на начинот на управувањето со куќата, што мислите Вие, има ли разлика?

**Размислувате ли за ново работно време. Скопјани вообичаено се на работа до 17 или 18 часот, а Музејот е отворен до 19 часот - специјално за Дали (инаку се затвора во 17 ч.). Нели е тоа во расчекор со навиките за излегување?**

Локацијата на МСУ е во центарот на градот, но на повисока кота. Едно е јасно - доколку во салоните имате предизвик со име Вазарели, Саудек, Дали, секој е готов да ја смени навиката за да го види. Тоа најодговорно го тврдам.

**Ј.Ф.**



Интересот за Дали трае

„Неодамнешната изложба на Пикасо од Софија можеше да биде во МСУ, за што постојат дописи. Имавме средби, дури добив и многу пристојна цена. Но бидејќи еден број дела од приватни колекционери, според договорите со осигурителната компанија, мораше да се вратат во Малага, не смеевме да ризикуваме со „половична изложба“ “